Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

30 декември, 2022

Архивски број : 21 – 1597/17

Врз основа на член 49 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ, бр. 32 од 10.2.2020 година) Министерството за транспорт и врски упатува и го дава следното:

# С О О П Ш Т Е Н И Е
## За организирање на ОПШТ ЈАВЕН ПОВИК ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА СТРУЧНА РАСПРАВА СО ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА ПО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е – ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13 – ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ - ОПШТИНА ШТИП

Се организира Стручна расправа со јавна презентација по Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е – инфраструктура, Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци општина Штип.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е – инфраструктура, Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци општина Штип ќе биде достапен за увид на стручната јавност и јавно презентиран од 16.01.2023 година до 14.02.2023 година на веб страната на Министерството за транспорт и врски како и во информацискиот систем Е-урбанизам. Исто така во хартиена форма примерок од урбанистичкиот план ќе биде изложен на увид на стручната јавност во просториите на Министерството за транспорт и врски и општина Штип.

Стручната расправа ќе се одржи на 22.02.2023 (среда) во 10 часот во просториите на Министерството за транспорт и врски.

Учесниците во стручната расправа можат да ги доставаат своите забелешки најдоцна во рок од 15 дена од одржувањето на стручната расправа. Забелешките ќе бидат составен дел на записникот од стручната расправа, врз основа на кој се


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

изготвува извештај од стручната расправа, што го изработува стручна комисија формирана од донесувачот на планот.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александар Карангелов, диа
Одобрил: Весна Андриевска, диа
Раководител на Сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk